**20081453002**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Врз основа на член 141-ѓ, став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ЖИГОТ И НАЧИНОТ НА ЗАПЕЧАТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на жигот, како и начинот на запечатување на објекти или на дел од објекти од страна на инспекторите за заштита и спасување.

Член 2

Жигот на инспекторите за заштита и спасување има форма на круг со димензии 3 x 3 см, а е изработен од метал за втиснување врз восок за печатење.

Член 3

(1) Жигот од член 1 на овој правилник ја има следната содржина: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „Влада на Република Македонија“, „Дирекција за заштита и спасување“, а во средината: сериски број на легитимацијата на инспекторот за заштита и спасување.

(2) Жигот од член 1 на овој правилник е даден на образец кој е прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Запечатување со жигот од член 1 на овој правилник се врши на црвен восок и жолто-црвен конец (трака) на начин со кој се обезбедува запечатување на цел објект или на дел од објектот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-5444/5
14 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
**Шабан Салиу**, с.р.

# Прилог 1

Оригинална димензија




Зголемена димензија

